**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

Арх. Бр. 10-2330/2
27.8.2025 година
Скопје

Врз основа на член 149 став 3 од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/19, 178/21, 58/24 и 124/25), член 12 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019 и 607/2022) и точка III од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2025/2026 година, а во врска со приговор поднесен од кандидатот со број на пријава 123963, заведен под арх. бр.10-2330/1 од 27.8.2025 година, Конкурсната комисија на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошкиот факултет – Скопје го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ПО ПРИГОВОР**

1. **Приговорот на кандидатот** со број на пријава 123963, заведен под арх. бр. 10-2330/1 од 27.8.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.
2. Решението на Конкурсната комисија е конечно.

**Образложение**

Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошкиот факултет – Скопје, согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје во учебната 2025/2026 година на ден 26.8.2025 година објави прелиминарна листа на пријавени кандидати за упис на Факултетот со вкупен број на остварени бодови. Незадоволна остана кандидатот со број на пријава 123963, кој достави благовремен приговор.

Комисијата, по констатирање дека приговорот е поднесен во рок, се впушти во утврдување на неговата основаност при што констатираше дека при пресметката на бодовите не се направени технички пропусти - грешки при пресметувањето на бодовите. Имено, именуваната во пријавниот лист пополнет при електронското аплицирање погрешно навела дека предметот Историја е соодветен интерен предмет, иако согласно Конкурсот истиот е несоодветен, при што комисијата правилно постапила со означување на овој предмет како несоодветен и електронскиот систем автоматски ги пресметал бодовите согласно направената промена..

Со оглед на фактот дека не е направен технички пропуст, конкурсната комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Конкурсна комисија**
Проф. д-р Василка Ренџова; с.р.
Проф. д-р Наташа Тошеска Спасова; с.р.
Проф. д-р Гордана Апостолова; с.р.
Проф. д-р Наташа Ставрева; с.р.
Проф. д-р Ирена Гавриловиќ; с.р.
Проф. д-р Надица Јанева; с.р.
Проф. д-р Кристина Митиќ; с.р.

Доставено до:
- Именуваниот
- Архива,
- Огласна табла и веб страница